Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01-06-2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 10 | | |

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕТСТАВКА/РЕАКЦИЈА

Подносител – Име и презиме

**Податоци за контакт: Поштенска адреса/електронска адреса и/или телефонски број** (за доставување одговор)

**Назив на субјектот на кој се однесува претставката/реакцијата** (радио, телевизија, оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, печатен медиум)

**Канал 5 Телевизија**

**Датум и период (време на емитување или реемитување) на кој се однесува претставката/реакцијата**

**Понеделник, 27 април 2026 , 23 часот**

**Опис**

Со оваа претставка сакам да укажам на содржината и начинот на кој се водат дебатни емисии на телевизија Канал 5, особено во политичката емисија водена од Во континуитет се забележува дека наративот во овие емисии во најголем дел се фокусира на теми поврзани со етничките прашања, конкретно односите со Бугарија (бугарскиот народ) и прашањата поврзани со етничката заедница на Албанците. Во тие рамки, често се создава впечаток на нагласување на „различност“, како и потенцирање на одредени барања и незадоволства на етнички групи, што создава перцепција на нерамноправност или инфериорност. Лично имам перцепција дека се поттикнува непотебно одамна затворена етничка тема и потенцијален говор на омраза. Ваквиот пристап не придонесува кон градење на општествена кохезија, туку напротив, може да поттикне поделби и да го одржува јавниот дискурс во рамки на теми кои се повторуваат, без доволно фокус на современи, развојни и меѓународни прашања. Дополнително, сметам дека како национална телевизија со значајно влијание врз јавноста, Канал 5 има одговорност да понуди поразновидна и поквалитетна програмска содржина, и да се угледаат на емисиите сериите и содржините баш во дотичните две земји Бугарија и Албанија за да направат разлика меѓу нивниот наратив и тој таму. Никој во РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА и РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА не се осврнува на вакви заостанати теми туку се осврнува на свежи теми, најнови серии и најнови квизови.

Од тие причини, Ве замолувам да извршите увид во наведената програмска содржина и да оцените дали истата е во согласност со законските обврски за објективно, избалансирано и непристрасно информирање, како и со принципите за поттикнување толеранција и недискриминација.

Погледнете ги коментарите на нашите сограѓани Албанци кои се згрозени од наративот во емисијата, па уште водителот се расправа со гледачи, ги нарекува неписмени што е одвратно однесување. Да се престане со овие назадни теми за Бугари и Албанци на телевизиите во Северна Македонија еднаш засекогаш

https://www.facebook.com/reel/968372675886067

Автор
**Канал 5 Телевизија**
ожно ли е толку да си неписмен лично ти? Зарем не слушаш , велам „замисли", и најважно - ќе мора Македонците конечно да прекинат за се' што не чини во државата да ги обвинуваат Албанците! Или така ти одговара да глумиш жртва??? Ова е критика кон нас самите зошто и ние не сме цвекиња за мирисање"!

Датум и место на поднесување

28.04.2026, Скопје

Потпис на подносителот

Ви благодариме!